# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**ПЛАН**
**ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
**НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР**
**(ДЕЛ ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ)**

(Ажуриран во февруари 2018)

**ДЕМИР ХИСАР**
**Февруари, 2018 година**

# СОДРЖИНА


| Р.б. | ИМЕ | СТРАНИЦА |
|---|---|---|
| 1 | Одлука | 3 |
| 2 | Стандардни оперативни процедури | 4 |
| 3 | Потсетник за употреба на планот | 6 |
| 4 | Прилог број 1-Организација и спроведување на мерката | 7 |
| 5 | Прилог број 2-Одделение за прва медицинска помош | 8 |
| 6 | Прилог број 3-Преглед на материјалниот и персоналниот состав на одделението за ПМП | 9 |
| 7 | Прилог број 4-Преглед на Комплет бр.1-Лична опрема на припадниците на силите за ЗиС | 10 |
| 8 | Прилог број 5-Преглед на комплет бр.4-Опрема за ПМП | 10 |
| 9 | Прилог број 6-Преглед на Здравстени институции кои ќе вршат ПМП и спец.единици за ЗиС | 11 |
| 10 | Прилог број 7-Преглед на прихватните пунктови во општина Демир Хисар | 12 |
| 11 | Прилог број 8-Преглед на екипите за ПМП на Црвен Крст | 13 |
| 12 | Прилог број 9-Преглед на основни средства на ЈЗО | 13 |
| 13 | Прилог број 10-Карта | 14 |

Врз основа на член 10,  11 став 3 како и член 13 став 1  од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.93/12 (пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) година, Советот на општина Демир Хисар ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За ажурирање на Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, како и Плановите за заштита и спасување на општина Демир Хисар**

**Член 1**

Се ажурира Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи како и Плановите за заштита и спасување на општина Демир Хисар и тоа деловите за заштита и спасување од пожари, поплави, прва медицинска помош и згрижување и евакуација.

**Член 2**

Со ажурираните  Проценка и Планови ќе ракува лицето Игор Дамјаноски, вработен во општина Демир Хисар.

**Член 3**

Ажурираните Проценка и Плановите се чуваат во просториите на општина Демир Хисар во канцеларијата на ракувачот со планот.

**Член 4**

Ажурираните Проценка и Планови влегуваат во сила од денот на неговото донесување.

Во иднина ќе се ажурираат по потреба, без дополнителна одлука на советот на општина Демир Хисар.

**Бр.** 17-196/6
26. 02 **2018**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Благоја Станојовски**

## Стандардни оперативни процедури

Загрозувањето на животот на луѓето и уништување на материјалните добра може да биде предизвикана како од природни непогоди, епидемии и други несреќи во мир и во војна. За заштита и спасување на луѓето и давање на ПМП се грижат вработените во здравствените установи во општината како и припадниците на просторните сили за ПМП кои ги формира општина Демир Хисар. Одделението за прва медицинска помош се состои од 11 припадници. Истите не се обучени и опремени за да учлествуваат во заштитата и спасувањето. Оваа состојба треба да се надмине во наредниот период и одделението да стане оперативно.

Досегашните анализи и податоци со кои располагаме говорат дека на подрачјето на општината појави од поголем број на заболени луѓе се регистрирани од следниве болести: ентероколитис, грип, варичела, а други болести во размери на епидемии не се регистрирани.

Повреди и жртви кај населението можни се при појава на земјотреси, пожари, поплави и други непогоди како и при воени разурнувања, а нивниот број ќе зависи од видот и интензитетот на непогодата и степенот на разурнувањето. Поголем број на жртви можат да се очекуваат при појава на земјотреси, посебно во реоните каде што е предвидено потресите да бидат посилни, а мошне мали или воопшто ќе ги нема при појава на пожари, поплави, лизгање на земјиште и други несреќи.

Покрај просторните сили за прва медицинска помош кое на самото место на несреќата на загрозените ќе им дава прва медицинска помош, за згрижување на ранетите и повредените ќе бидат ангажирани вработените од здравствените институции кои работат во општината Демир Хисар и тоа:

- ЈЗУ Здравствен дом со 6 лекари специјалисти, 7 лекари од општа пракса и 20 медицински сестрии техничари на населението ќе им дава примарна медицинска заштита.
- ЈЗУ Болница за душевни болести со 256 вработени. Оваа институција дава специјализирана здравствена заштита.
- Приватни здравствени ординации 7 од општа пракса и 4 стоматолошки ординации кои даваат примарна здравствена заштита.

ЈЗО како и останатите здравствени организации кадровски и технички се опремени за давање на прва медицинска помош за загрозеното и повреденото население.

Со приватизацијата во здравствениот систем во наредниот период најверојатно ќе треба да се изнајдуваат поинакви решенија околу формирањето на екипите на прва медицинска помош на населението во услови на природни непогоди и други несреќи.

Хигиено–епидемиолошката состојба на подрачјето на општината е на задоволително ниво. Хигиената во ЈП, ЈУ, локалните и државните органи и институции е застапена согласно бараните критериуми и нивните можности, а здравствената култура кај населението е на потребното рамниште.

На територијата на општината нема индустриски капацитети кои можат да извршат загадување на водата која се употребува за пиење или пак за наводнување

на градинарството, овоштарството и други култури. Квалитетот на водата на целото подрачје на општината е добра и ги задоволува бараните критериуми.

Со цел да се обезбеди благовремено превземање на одредени мерки за укажување на прва медицинска помош на повредените или на заболените лица во сите единици на ЗиС кои ги формира локалната самоуправа, ЈП, ТД и другите институции приоритет во обучувањето на истите да биде оспособување на припадниците за давање на ПМП.

Реоните во кои се очекуваат повредени и загинати лица, здравствените институции, прифатилиштата и собирните места, податоците и прегледите, се составен дел од Планот за ПМП.

Заради ефикасна заштита и спасување на населението и материјалните добра во наредниот период неопходно е да се превземат следниве мерки:

- спречување на појава на масовни заразни заболувања;
- редовно следење на санитарно - хигиенската и епидемиолошка состојба на водата;
- елиминирање на ризични појави од потенцијални загадувачи со употреба на средства за заштита на растенијата, локации за смет, токсичен отпад и др.
- одредување на широка заштитна зона на извориштата и редовна контрола за нивното одржување;
- редовно да се врши контрола врз системите за јавно снабдување на населението со вода;
- здравствените установи во општината да обезбедат интензивна и редовна здавствена заштита на населението, а по потреба да можат да развијат и подвижни медицински установи во непосредна близина или на самото место на несреќата.

Општина Демир Хисар има формирано одделение за ПМП.

Мобилизациско место на одделението за ПМП е зградата на општина Демир Хисар.

## Потсетник за употреба на Планот за Прва медицинска помош

По добивањето на наредбата за мобилизација од страна на командантот на Општинскиот Штаб за заштита и спасување, командирот на одделението за ПМП веднаш се упатува на мобилизациското место-зградаа на општина Демир Хисар и го зема Планот од ракувачот.

Ги повикува припадниците на одделението, а во меѓувреме стапува во контакт со Полициската станица Демир Хисар за потребните информации.

По доаѓањето на единицата и прозивката, се информираат припадниците за задачите и активностите кои треба да се превземат.

Се посочуваат приоритетите, се проверуваат МТС и останатата опрема и командирот издава наредба за ангажирање на единиците со конкретни задачи.

Веднаш потоа, командирот стапува во контакт со Регионалниот штаб за ЗиС, ЈЗУ Здравствен дом, ЈЗУ Душевна болница, Црвен крст, собирните пунктови и други институции кои се ангажирани и надлежни, при што се врши координација за задачите поврзани со давање ПМП, трансопрт, евакуација и згрижување.

По завршувањето на задачата, се врши анализа на реализираните активности, постигнатите резултати и пријавените слабости во текот на работата и на крајот командирот изготвува извештај и го доставува до командантот на Општинскиот штаб за ЗиС.

# ПРИЛОГ БРОЈ 1

Организација и спроведување на мерката прва медицинска помош

| р.б. | Задачи и активности | Носител на задачите и активностите | Време на реализација на задачите и активностите | Соработува со: | Прилози | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| 1 | Давање на ПМП на населението при појава на земјотреси, поплави, пожари и други непогоди, како и при воени разурнувања | -Просторни сили за ЗиС<br>-ЈЗУ Здравствен дом<br>-ЈЗУ Психијатриска болница | За време на пожар, поплава, земјотрес и други непогоди | -останати надлежни институции | Прилог број 1 | |
| 2 | Хигиенско-епидемиолошка состојба на подрачјето на општината | -ЈКП Комуналец | | -останати надлежни институции | | |
| 3 | Вршење на обука на припадниците за давање на ПМП | -надлежни институции | -пред настапување на несреќа | | | |

ПРИЛОГ БРОЈ 2

Одделение за прва медицинска помош

| Р.б. | Име и презиме | Адреса | Телефон | Должност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Живко Тумбевски | Сопотница | | Командир |
| 2 | Жана Србиновска | Демир Хисар | | Водител на 1 екипа |
| 3 | Валентина Трајковска | Демир Хисар | | Извршител на 1 екипа |
| 4 | Билјана Грујовска | Демир Хисар | | Извршител на 1 екипа |
| 5 | Македонка Бошковска | Слепче | | Водител на 2 екипа |
| 6 | Ленче Китановска | Демир Хисар | | Извршител на 2 екипа |
| 7 | Силвана Јосифовска | Демир Хисар | | Извршител на 2 екипа |
| 8 | Гордана Здравевска | Демир Хисар | | Водител на 3 екипа |
| 9 | Зорица Велјанова | Демир Хисар | | Извршител на 3 екипа |
| 10 | Драга Василевска | Белче | | Извршител на 3 екипа |
| 11 | Илија Најдовски | Демир Хисар | | Извршител, возач. курир |

## ПРИЛОГ БРОЈ 3

Преглед на материјалниот и персоналниот состав на одделението за ПМП

| р.б. | Персонален состав | | | | Материјален состав | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Должност | Број | Вид на образование<br>Вид на занимање | Се пополнува со обврзници на | Вид | Количина |
| 1. | -командир на одделението<br>-извршител-возач/курир | 1<br>1 | *ВО-лекар општа пракса<br>Логистичко обезбедување, ракувач со средства за врски и возач Б и Ц категорија | *Во/Ро | Санитетско возило<br>Радио уред<br>Торба со прибор за пишување<br>Комплет број 1*<br>Комплет број 4*<br>Мобилен телефон | 3<br>4<br>6<br>11<br>3<br>5 |
| | ВКУПНО | 2 | | | | |
| 2. | I екипа за ПМП<br>-Водител на екипата-извршител<br>-извршител | 1<br>2 | *ВО-лекар општа пракса<br>Средно образование-медицинска насока | | | |
| | ВКУПНО ВО ЕКИПАТА | 3 | | | | |
| 3. | II и III екипа во иста состав како I екипа | 6 | | | | |
| 4. | ВКУПНО ВО ЕКИПАТА | 11 | | | | |

*ВО-Високо образование
*Во-воена обврска
*Ро-работна обврска

Забелешка: водителот на првата екипа воедно е и заменик на командирот на одделението

## ПРИЛОГ БРОЈ 4

Преглед на комплет број 1-Лична опрема на припадниците на силите за ЗиС

| *Комплет број 1 |
|---|
| 1. Ознака за припадност на силите за ЗиС (ознака на старешини)<br>2. Заштитна маска<br>3. Прва завој (индивидуален)<br>4. Заштитна наметка<br>5. Личен прибор за деконтаминација |

## ПРИЛОГ БРОЈ 5

Преглед на Комплет број 4-Опрема за ПМП

| *Комплет број 4 | Количина |
|---|---|
| 1. Санитетска торба | 2 |
| 2. Санитетска носилка | 2 |
| 3. Крамерова шина | 6 |
| 4. Ќебе | 10 |

ПРИЛОГ БРОЈ 6

Преглед на здравствени институции кои ќе вршат ПМП и специјализирани единици за ЗиС

| Мерки за ЗиС ПМП | Здравствени организации | | | | Екипи за Итна мед.помош | Тим за брз одговор | Специјализирани единици за ЗиС за ПМП | | | Екипа за ПМП на Црвен крст | Резерви на крв и крвни продукти | телефон | Снабдувачи на лекови и други санитетски материјали | телефон | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Болница | Здравстен дом | Завод за здравствена заштита | Други ПЗО | | | вод | одделение | екипа | | | | | | |
| Приватна | | | | 1 | | | | | | | | | | | |
| Државна | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| Бр на лекари од општа пракса | 5 | 2 | | 2 | | | | | | | | | | | |
| Бр на специјалисти | 14 | 3 | | | | | | | | | | | | | |
| Бр на хируршки сали | - | - | | | | | | | | | | | | | |
| Бр на мед.техничари | 96 | 26 | | 1 | | | | | | | | | | | |
| Број на легла | 445 | - | | | | | | | | | | | | | |
| *Ниво на пружање на здравстена заштита | Спец. | Прим. | Прим. | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | | |

*Ниво на пружање на здравстена заштита: примарно, секундарно, терцијарно

Забелешка: Специјализираните единици за ПМП за ЈЗО нема, а во Болницата за душевни болести има формирано универзална единица за ПМП во јачина на одделение.

Снабдувањето на Болницата за душевни болести се врши преку лицето Илиевска Симонка тел. 047 253 513, а во Здравствениот дом се врши преку аптеката која е лоцирана во ЗД на тел. 047 276 644.

ПРИЛОГ БРОЈ 7

Преглед на прихватните пунктови во општина Демир Хисар

| Р.б. | Име на местото каде е формиран санитетско прихватен пункт | Броен состав на персоналот во ЗПП | | | | Врши прихват на повредени и заболени од месните заедници: | Потешко повредените и заболените на понатамошно лекување ги испраќа во: | Правци на движење при транспорт на повредените и заболените |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | лекари | Мед.сестри | Пом.персонал | Вкупно | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Смилево | | 1 | | 1 | Смилево, Обедник, Утово, Загориче | -ЈЗУ Здравстен дом<br>-Болница за душевни болести | Смилево-Демир Хисар |
| 2 | Единаковци | | 1 | | 1 | Единаковци, Света, Бараково | -ЈЗУ Здравстен дом<br>-Болница за душевни болести | Единаковци-Демир Хисар |
| 3 | Прибилци | | 1 | | 1 | Прибилци, Ново Село, Ракитница, Журче, Сладуево | -ЈЗУ Здравстен дом<br>-Болница за душевни болести | Прибилци-Демир Хисар |
| 4 | Жван | | 1 | | 1 | Жван, Сопотница, Слоештица, Мренога, Вирово, Боишта, Базерник, Бабино, Доленци, М.Илино, Г.Илино, Зашле, Железнец | -ЈЗУ Здравстен дом<br>-Болница за душевни болести | Жван-Демир Хисар |

ПРИЛОГ БР 8
Преглед на екипите за прва помош на Црвениот крст

| Р.б | Месна заедница | Броен состав | Одговорен | Опременост % | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Демир Хисар | 6 | | | |
| 2 | Сопотница | 6 | | | |
| 3 | Слепче | 6 | | | |

ПРИЛОГ БРОЈ 9
Преглед на основните средства на ЈЗУ

| р.б. | Назив | Раководител | Телефон | Факс | Мобилен телефон | Адреса | Преглед на основни средства за ПМП | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | назив | кол. | исправност |
| 1 | ЈЗУ Здравстен дом-Демир Хисар | Маргарета Калевска | 276 144 | 276 144 | 070 395 478 | Битолска бб Демир Хисар | -санит.возила<br>-ЕЕГ<br>-биох.анализ.<br>-хемат.бројач<br>-микроскоп<br>-центрифуга<br>-ЕКГ | 2<br>1<br>2<br>1<br>1<br>1<br>1 | да<br>да<br>да<br>да<br>да<br>да<br>да |
| 2 | ЈЗО Болница за душевни болести | Татјана Лозановска | 276 611 | 276 361 | 070 207 949 | Битолска бб Демир Хисар | -санит.возила<br>-ЕЕГ<br>-биох.анализ.<br>-хемат.бројач<br>-микроскоп<br>-центрифуга<br>-ЕКГ | 2<br>1<br>2<br>1<br>1<br>1<br>1 | да<br>да<br>да<br>да<br>да<br>да<br>да |

Изработил:
м-р Игор Дамјаноски

Бр. 17-196/6 2018
Демир Хисар

Градоначалник на општина Демир Хисар
Марјанче Стојановски